**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**19.08.2014 година**
**Уп 1 бр. 11-342**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20, став 1 алинеи 1 и 8, член 23, став 1 алинеја 1, а во врска со член 64 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр. 184/13, бр. 13/14, бр. 44/14 и бр. 101/14) и Извештајот од редовен програмски надзор на **ТРД Оператор на јавна комуникациска мрежа КДС Кабел Нет ДООЕЛ Прилеп,** бр.11-4221/1 од 18.08.2014 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради реемитување на програмски сервиси со титл на јазик различен од јазикот на кој се оригинално произведени, од страна на **ТРД Оператор на јавна комуникациска мрежа КДС Кабел Нет ДООЕЛ Прилеп**, в.д. Директорот на Агенцијата на ден 19.08.2014 година го донесе следното:

**Решение**
**за преземање на мерка - опомена**

1. СЕ ОПОМЕНУВА операторот на јавна електронска комуникациска мрежа, **ТРД Оператор на јавна комуникациска мрежа КДС Кабел Нет ДООЕЛ Прилеп,** заради повреда на член 64 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, бр. 13/14, бр. 44/14 и бр. 101/14), сторена на ден 17.08.2014 година, односно поради реемитување на програмските сервиси TV 1000, Fox Life, Fox Crime, Viasat History, Viasat Nature, CBS reality, TLC, CBS drama, Universal Channel и National Geographic, со титл на српски јазик.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на **ТРД Оператор на јавна комуникациска мрежа КДС Кабел Нет ДООЕЛ Прилеп,** веднаш по приемот на ова решение да го усогласи своето работење со член 64 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, бр. 13/14, бр. 44/14 и бр. 101/14), односно програмските сервиси што ги реемитува, а се титлуваат на јазик различен од јазикот на кој се оригинално произведени, да бидат титлувани на македонски јазик или на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните во Република Македонија.

3. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор наведен во точка 1 на ова решение, постапил по решението.

4. Ова решение е конечно.

Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, бр. 13/14, бр. 44/14 и бр. 101/14), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од овој закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 6, став 1, алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, бр. 13/14, бр. 44/14 и бр. 101/14), Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки согласно со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Во рамките на своите законски надлежности, согласно член 27 и член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на ден 17.08.2014 година, изврши редовен програмски надзор на програмски сервиси реемитувани во аналогниот програмски пакет на операторот **КДС Кабел Нет ДООЕЛ Прилеп**, при што констатираше дека е направена повреда на член 64 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, бр. 13/14, бр. 44/14 и бр. 101/14), на начин што **ТРД Оператор на јавна комуникациска мрежа КДС Кабел Нет ДООЕЛ Прилеп**, реемитувало програмски сервиси на странски радиодифузери со титл на јазик различен од јазикот на кој оригинално се произведени. Повредата се состои од реемитување на програмските сервиси TV 1000, Fox Life, Fox Crime, Viasat History, Viasat Nature, CBS reality, TLC, CBS drama, Universal Channel и National Geographic, со титл на српски јазик.

Следствено на тоа, врз основа на член 20, став 1 алинеи 1 и 8, член 23, став 1, алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги и Извештајот бр. 11-4221/1 од 18.08.2014 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, наведено во точка 1 на ова решение, в.д Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе Решение за преземење мерка-опомена, со цел усогласување со Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги.

Агенцијата му наложи на операторот програмските сервиси што го реемитува, а се титлуваат на јазик различен од јазикот на кој оригинално се произведени, да бидат титлувани на македонски јазик или на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните во Република Македонија и веднаш да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги. Исто така, ќе се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали **ТРД Оператор на јавна комуникациска мрежа КДС Кабел Нет ДООЕЛ Прилеп**,

постапило по налогот односно опомената и го усогласило своето работење со член 64 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, ова решение е конечно и против него операторот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението. Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**в.д Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение операторот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- ТРД Оператор на јавна комуникациска мрежа КДС Кабел Нет ДООЕЛ Прилеп;
- Управителот на ТРД Оператор на јавна комуникациска мрежа КДС Кабел Нет ДООЕЛ Прилеп;
- Раководител на Сектор за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.